# ПРОПОЗИЦИИ - HALKVELO GREEN

## ОРГАНИЗАТОР

Халк банка, поддршка од ВФМ, технички организатор ВК Адреналин сајклинг

## ПАТЕКА

Стартот на трката ќе биде на големиот паркинг пред спортската сала, а на истото место ќе биде и целта. Се вози до пред Хотелот Радика каде се врти полукружно и потоа се враќаме назад по истата патека (линк кон видео на патека (https://youtu.be/qvju7oB_s_A)).
Мерењето ќе биде со помош на чипови, и ќе има поставено контролни точки на старт/цел и на вртењето пред Хотелот Радика.
Патеката е долга 22км за категориите ХОБИ и МЛАДИ, додека за категоријата ДЕЦА е 12км.
На неколку места на патеката ќе има судии кои ќе се грижат за регуларноста на трката.

## ДАТА

08-09-2025

## СТАРТ

Голем паркинг пред спортската сала.

### СТАРТ НА HALKVELOGREEN

Стартот на трката ќе биде хронометар, што значи дека на секои 30 секунди ќе стартува по еден велосипедист.

Стартната листа со време на старт на секој учесник ќе бид истакната на сајтот на трката.

Стартната листа ќе биде објавена како финална стартна листа после 3-ти септември 2025.

Распоредот за старт на трката по категории е следен:

**10.00 – старт на учесниците во категоријата ДЕЦА кои ќе возат патека од 12 километри**

**11.00 – старт на учесниците во категоријата МЛАДИ кои ќе возат на патеката од 22 километри**

**12.00 – старт на учесниците во категоријата ХОБИ на патека од 22 километри**

Секој учесник ќе стартува според времето кое ќе биде објавено во стартната листа после 3 септември 2025.

### СТАРТЕН ПАКЕТ

Секој учесник во трката ќе добие:

• Стартен број со чип
• Медал за завршена трка
• Освежување
• Онлајн диплома
• Бесплатни фотографии од трката (GetPica)
• Подарок од Халкбанк
• Осигурување од несреќен случај за времетраење на трката

## ЦЕЛ

Голем паркинг пред спортската сала

## ПРИЈАВА

Пријавувањето на учеството во трката се одвива преку www.trki.mk (http://www.trki.mk/) и истото ќе трае до 3 септември 2025.

Вкупниот број на учесници е ограничен, и доколку предвидениот број на учесници се пополни пред наведениот рок, пријавувањето ќе биде затворено.

Пред да се пријавите за трката ве молиме да ги прочитате условите за учество во трката **(https://www.halkvelogreen.mk/page2.html)** кои се составен дел од вашата пријава.

### КОТИЗАЦИИ

Котизациите за учество во трката изнесуваат:

**800 денари** - до 03.09

Сите собрани котизации се наменети за хуманитарна и општествена цел.

## СТАРТНИ БРОЕВИ

Стартните броеви ќе се подигаат од 5 до 6 септември, од 10 до 19 часот (сабота до 14.30 часот) во продавницата ProBike (www.probike.mk (http://www.probike.mk/)) на ул. Христо Смирнески 31 во Скопје. Стартниот број мора да биде поставен напред на вашиот велосипед. Доколку бројот го поставите на вашиот грб чипот нема да го регистрира вашето време.

### СТАРТЕН ПАКЕТ

Секој учесник во трката ќе добие:

• Стартен број со чип

• Медал за завршена трка

• Освежување

• Онлајн диплома

• Бесплатни фотографии од трката (GetPica)

• Подарок од Халкбанк

• Осигурување од несреќен случај за времетраење на трката

## ТЕХНИЧКИ ПРОПИСИ

**НАПОМЕНА:**

**Секој натпреварувач мора да носи заштитна кацига и да има исправен велосипед и пополнета изјава за согласност или согласност на родител за малолетни лица.**
**Секој натпреварувач што ќе стартува на трката значи дека ги прифаќа пропозициите и вози на сопствена одговорност. Организаторот не одговара за постапките на натпреварувачите према самите себе, према други лица, како и за причинета материјална штета.**

**Со прифаќање на Пропозициите за натпреварот, секој учесник вози на сопствена одговорност.**

Организаторот го задржува правото на измена на содржината на стартниот пакет без претходна најава.

## НАГРАДИ

Во категорија ХОБИ мажи/жени:
1 место - 15.000 денари
2 место - 10.000 денари
3 место - 5.000 денари
Во категорија ДЕЦА од 6 до 12 години* (машки/женски):
1 место -10.000 денари
2 место - 5.000 денари
3 место - 3.000 денари
Во категорија МЛАДИ од 13 до 17 години* (машки/женски):
1 место - 10.000 денари
2 место - 5.000 денари
3 место - 3.000 денари

Во категорија ТИМОВИ, ќе бидат наградени најдобрите 3 тима со диплома и медали од организаторот на трката.

Паричните награди во категоријата ХОБИ ќе се исплатат на платежна сметка на добитникот во Халкбанк и секој од добитниците ќе добие гратис MasterCard дебитна картичка.

Паричните награди во категориите ДЕЦА и МЛАДИ ќе бидат исплатени на детска штедна книшка во Халкбанк.
* За првите 3 места во категориите ДЕЦА и МЛАДИ ќе треба да се докаже возраста на детето (ученичка книшка, пасош, извод од матична книга на родени), во спротивно ќе следи дисквалификација.

Во категоријата ХОБИ со дипломиј и медали ќе бидат наградени и најдобрите тројца натпреварувачи, мажи и жени, во следните возрасни категории:

- од 40 до 49 години
- од 50 до 59 години
- над 60 години

**Церемонијата на доделување на награди за сите добитници ќе започне во 14.00 часот на денот на трката.**

## ПРАВО НА УЧЕСТВО

сите регистрирани лекарски прегледани и осигурани велосипедисти во категории: млади, деца, хоби

## БОДУВАЊЕ

не се бодува

## ТРОШОЦИ

Трошоци за организација се на терет на организаторот, клубовите учествуваат на свој трошок.

## КАЗНИ

Според правилникот на УЦИ и ВФМ

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**КАТЕГОРИИ НА HALKVELOGREEN**

Категоријата **ХОБИ (мажи и жени)** која се однесува на сите велосипедисти кои рекреативно или професионано се занимаваат со овој спорт.

Во рамки на оваа категорија, формирани се и подкатегории според возраст:

• Мажи и жени од 40 до 49 години

• Мажи и жени од 50 до 59 години

• Мажи и жени над 60 години

Во категорија **ДЕЦА**, во машка и женска конкуренција, ќе се натпреваруваат:

• деца, родени 2011 и помлади, кои ќе возат 12 километри, (до Никифорово и назад),

Во категорија **МЛАДИ**, во машка и женска конкуренција, ќе се натпреваруваат:

• деца, родени 2007, 2008, 2009 и 2010 кои ќе ја возат целата дожина од 22 километри

*Во моментот на пријавување, при пресметката на годините се зема во предвид годината на раѓање.

**ТИМСКО РАНГИРАЊЕ**

Дали сте дел од некоја компанија, или можеби сте поголема група на пријатели?

Пријавете се како тим за учество и рангирање во екипен пласман на трката HalkVeloGreen.

При пополнување на онлајн пријавата за секој учесник во полето "Клуб/Team Building" напишете го името на вашиот тим или одберете од веќе понудените имиња (проверете можеби некој од вашиот тим веќе го додал името на тимот).

ВАЖНО!

• Името на екипата мора да биде истото за секој член бидејќи системот нема да може да препознае дека сте од иста екипа. На пример, ако вашето име на тимот е "ХалкЕко" тогаш треба за сите членови од екипата при пријавување да го напишете/одберете името на тимот "ХалкЕко".

• Услов за вашиот тим да се најде на ранг листата за тимови е вашиот тим да брои најмалку 3 натпреварувачи-ки, од кој најмалку еден од 3 учесници да е машко или женско. Максималниот број на натпреварувачи-ки во екипата не е ограничен.

• При пресметка на екипното време на тимот во предвид ќе се земат времињата само на најдобрите 3 натпреварувачи-ки.

• Рангирањето ќе се изврши во една категорија (мешани екипи) и најдобрите 3 тима ќе бидат наградени со дипломи.

• Резултатите ќе бидат објавени веднаш по завршување на трката.

**За сите дополнителни прашања контактирајте не на емаил info@halkvelogreen.mk**

**HalkVeloGreen е организација и трка во рамки на** ХалкЕко **(https://halkeco.mk/) платформата на Халкбанк која е во функција на промоција на здрави животни навики кај луѓето и придонесување кон зачувување на животната средина**

**Трката е поддржана организациски и од Велосипедска Федерација на Македонија.**